# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
# ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУШТВА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

## Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за колективно осигурување на вработените во јавни претпријатја и друштва кои вршат дејност од јавен интерес од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за колективно осигурување на вработените во јавни претпријатија и друштва кој вршат дејност од јавен интерес од последици на несреќен случај што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Е у р о л и н к - С к о п ј е (во натамошниот текст: осигурувач).

(2) Договарач на осигурувањето, во смисла на овие Дополнителни услови може да биде јавно претпријатие и друштво кое врши дејност од јавен интере согласно со Законот за јавни претпријатија.

(3) Според овие Дополнителни услови може да се склучи колективно осигурување и за вработени во друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва основани согласно со Законот за јавни претпријатија..

## Член 2 - СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) Лицата што се осигуруваат по овие Дополнителни услови, осигурени се без разлика на нивната здравствена состојба, општата работна способност и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) точка 5 на Општите услови, освен лицата потполно лишени од работна способност, кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

(2) Со ова осигурување не се опфатени работниците:

1.кои со договарачот се во граѓанско-правен однос,

2.кои се постари од 64 години.

## Член 3 - НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

(1) Договорот за колективно осигурување на вработените од последици на несреќен случај може да се склучи со назначување и без назначување на имиња и презимиња на осигурениците.

(2) Ако е договорено колективно осигурување со точен опис на осигурениците, тогаш ова осигурување се однесува само за оние лица кои се наоѓаат во пописот (список), а кој задолжително е приложен кон договорот за осигурување (полисата).

(3) Ако е договорено колективно осигурување без назначување на имиња и презимиња на осигурениците, со осигурувањето се опфатени сите вработени на одредено и неодредено време кај договарачот, според службената евиденција на договарачот, списокот за исплата на платите.

(4) Ако е договорено колективно осигурување со или без точен опис на осигурениците според списокот за исплата на платите или според кадровската евиденција, осигурените суми во полисата важат за сите работници еднакво.

## Член 4 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1) Ако во полисата не е поинаку договорено, осигурувањето започнува во 00,00 часот на оној ден кој е означен како почеток на осигурувањето и престанува во 24,00 часот на оној ден кој во полисата е наведен како ден на истек на осигурувањето.

(2) Ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, договорот за колективно осигурување продолжува од година во година се додека некоја од договорните страни не го откаже во смисла на член 9 од овие Дополнителни услови.

(3) За работниците кои се вработиле по почетокот на осигурувањето означено во полисата, осигурувањето важи од 00,00 часот на оној ден кога се вработиле (ден на пријава во Агенцијата за

вработување). За работниците кои го прекинале работниот однос осигурувањето престанува да важи во 24,00 часот оној ден кога истапиле од правното лице или договорот е раскинат по било кој друг основ.

## Член 5 - ОСИГУРЕНА СУМА

(1)Осигурената сума наведена во полисата е најголем износ до кој осигурувачот е во обврска за секој одделен осигуреник.

(2) Според колективното осигурување покрај осигурените суми за случај на смрт, траен инвалидитет, дневен надомест и трошоци за лекување (сите како последица на несреќен случај), може да се договори и осигурена сума за случај на смрт поради болест.

(3) Можат да се договорат различни осигурени суми за осигурување од последици на несреќен случај зависно од класата на опасност во која спаѓаат одделни вработени (осигуреници), според секторот во кој се распоредени.

(4) При одредувањето на класата на опасност во која спаѓа одделен работник, за осигурувањето од последици на несреќен случај се зема неговото постојано место на извршител на одредени работи и работни задачи.

(5) Во случај на промена на работното место на осигуреникот во текот на траењето на осигурувањето при настанувањето на несреќен случај се зема онаа утврдена осигурена сума која одговара на класата на опасност од она работно место на кое осигуреникот работел во моментот на настанувањето на несреќниот случај.

## Член 6 - ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) За случај на смрт поради болест осигурувачот е должен да исплати:

1. 100% од договорената осигурена сума за смрт од болест наведена во полисата, ако смртта на осигуреникот настапи пред осигуреникот да наполни 40 години старост,

2. 60% од договорената осигурена сума за смрт од болест наведена во полисата, ако смртта на осигуреникот настапи на возраст пред осигуреникот да наполни 50 години старост,

3. 50% од договорената осигурена сума за смрт од болест наведена во полисата, ако смртта на осигуреникот настапи на возраст пред осигуреникот да наполни 60 години старост,

4. 40% од договорената осигурена сума за смрт од болест наведена во полисата, ако смртта на осигуреникот настапи на возраст по наполнување на 60 години старост.

(2) Ако смртта од болест настапи во текот на првите шест месеци на траењето на осигурувањето, односно од стапувањето во осигурување на нов работник во смисла на член 4 став (3) од овие Дополнителни услови, осигурувачот е должен да исплати: .

- 50% од договорената осигурена сума согласно член 6 став (1) од овие Дополнителни услови

(3) Целата осигурена сума согласно со член 6 став (1) од овие Дополнителни услови за случај на смрт поради болест ја исплатува осигурувачот на корисникот и во случаите:

1.ако осигуреничката почине во текот на првите шест месеци на траењето на осигурувањето за време на бременост или породување,

2.ако осигуреникот преминал од правно лице кое има колективно осигурување со вклучен ризик смрт од болест, а од стапувањето во осигурувањето на осигуреникот изминале шест месеци.

3. ако осигуреникот почине во првите шест месеци од почетокот на осигурувањето, а правното лице претходно имало полиса за колективно осигурување на вработени со вклучен ризик смрт од болест кај друг осигурувач, доколку постои континуитет со претходната полиса и соигуреникот бил вклучен во полисата.

(4) Осигурувачот нема никаква обврска за случај на смрт поради болест:

1.ако осигуреникот во првата година на траењето на осигурувањето, односно од своето стапување во осигурувањето изврши самоубиство.

2..ако смртта на осигуреникот настапи со извршување на смртна казна.

3. ако смртта на осигуреникот настапи поради земјотрес.

4. ако смртта на осигуреникот настапи поради настан кој директно се припишува на војна, инвазија, чин на надворешниот непријател, воени дивеења или воени операции (без оглед дали е објавена војната или не), граѓанска војна, востание, буна или револуција.

(4) Кога ќе настане осигурен случај траен инвалидитет, осигурувачот исплатува, и тоа:
Осигурената сума за случај на целосен 100% траен инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапил целосен 100% инвалидитет на осигуреникот.

1. Проценотот од осигурената сума за случај на делумен траен инвалидитет кој одговара на процентот на делумниот инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапи делумен инвалидитет на осигуреникот.

(5) Процентот на инвалидитет го определува осигурувачот според Основната табела за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода).

(6) Ако несреќниот случај настанал во сообраќајна незгода осигурувачот исплатува за случај на смрт и за случај на траен инвалидитет според осигурената сума за смрт од болест договорена

во полисата, освен ако со полисата не се договорени посебни осигурени суми за случај на смрт и за случај на траен инвалидитет од сообраќајна незгода.

(7) На обврските на осигурувачот за осигурувањето од последици на несреќен случај се применуваат одредбите на член 5, 8, 9 и 10 од Општите услови.

### Член 7 - НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

(1) Пресметување на премијата се врши во роковите наведени во полисата за осигурување според фактичкиот број на осигуреници.

(2) Почетната бројна состојба на осигурениците е еднаква со бројната состојба на вработените кај договарачот на денот на склучувањето на колективното осигурување, ако е склучено без назначување на имиња и презимиња на осигурениците.

(4) Ако договарачот на осигурувањето не ја платил премијата во договорениот рок, за осигурен случај настанат по стасаноста на премијата за плаќање, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот односно корисникот само за дел од осигурената сума сразмерно на платената премија за осигурување, односно само за толку 12 (дванаесеттини) од осигурената сума за колку што *е* платена премија за осигурување.

По наплата на целата премија за осигурување за осигурителната година во која настанал осигурениот случај, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот, односно корисникот, да го доплати неисплатениот дел од осигурената сума.

(5) Ако е договорено осигурување со пресметување на премијата на крајот на годината на траењето на осигурувањето, конечната пресметка на премијата се врши според просечниот број на крајната состојба на осигурениците по месеци. Договарачот е должен во рок од 15 дена по истекот на годината на осигурувањето, да му достави на осигурувачот точни и целосни податоци за бројната состојба на сите вработени на крајот на секој месец од изминатата година на осигурувањето. Просечната бројна состојба во текот на една осигурителна година се утврдува на тој начин што ќе се собере бројната состојба на работниците на крајот на секој месец од осигурителната година, за која се врши пресметување на премијата, па добиениот збир ќе се подели со 12. Ако притоа се утврди, дека просечниот број на работниците е поголем од бројот што е наведен во полисата, договарачот е должен да ја плати разликата на премијата. Доколку тој број е помал, осигурувачот е должен да ја исплати разликата на премијата на договарачот.

(6) Договарачот е должен на осигурувачот да му ја даде на увид евиденцијата и документацијата од која ќе може да се утврди бројната состојба на работниците, како и висината на пресметаната и уплатена премија.

(7) Договарачот на осигурувањето премијата може да ја плаќа за своја сметка или да ја наплатува од платата на вработените.

### Член 8 - ОСИГУРУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО

(1) Со договорот за колективно осигурување на вработените во правно лице можат да се осигуруваат и брачните другари и децата на осигурениците.

(2) Можат да се осигураат брачните другари кои не се постари од 64 години, децата со наполнети 14 години кои живеат во заедничко семејство со осигуреникот и не стапиле во брак.

(3) За осигурување на брачниот другар или децата, потребна е писмена изјава на договорувачот или осигуреникот со означување на имињата и сродството.

(4) Осигурувањето за членови на семејството започнува во 24,00 часот оној ден кој во писмената пријава, доставена на осигурувачот е означен како почеток на осигурувањето, но не порано од 24,00 часот оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата, а престанува во 24,00 часот оној ден кога му престанал работниот однос на осигурениот-работник кај договорувачот на ова осигурување или договорот престанал по некој друг основ.

### Член 9 - ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

(1) Секоја договорна страна, доколку договорот не престанал по договорена причина, може да го откаже договорот за колективно осигурување на работниците со неодредено траење.

(2) Откажување на договорот се врши по писмен пат најмалку три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето.

(3) Ако е склучено колективно осигурување по кое секој вработен плаќа премија од својата плата откажувањето на договорот се врши со претходна согласност на осигурените работници.

### Член 10 – ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ

(1) Овие Дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, се применуваат одредбите од овие Дополнителни услови за колективно

осигурување на вработени во јавни претпријатија и друштва кој вршат дејност од јавен интерес од последици на несреќен случај (незгода).

**Член 11 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Составен дел на овие Дополнителни услови е Основната табела за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај –незгода.

Овие Дополнителни услови се донесени од Извршниот директор на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје со Одлука број 0203-2578 од 01.04.2014 година со примена од 01.04.2014 година.